Република Северна Македонија
Министерство за финансии

К-3-2024

# КВАРТАЛЕН ЕКОНОМСКИ ИЗВЕШТАЈ

## - трет квартал 2024 година -


## Резиме

- **Економската активност** во К-3-2024 забрза, притоа забележувајќи реален раст од 3,0% на годишна основа, по растот од 2,8% во претходниот квартал, со што просечниот економски раст во првите три квартали од 2024 година изнесува 2,6%;
- **Бројот на вработени** во К-3-2024 е повисок за 0,8% во однос на истиот квартал од 2023 година. **Бројот на невработени** во К-3-2024 се намали за 3,7%, што резултираше со намалување на **стапката на невработеност** на 12,3%;
- Просечната **нето-плата** во К-3-2024 изнесува 41.212 денари и бележи раст од 11,9% на номинална основа, односно 9,0% на реална основа споредено со нето-платата во К-3-2023;
- Во К-3-2024, вкупните **буџетски приходи** се повисоки за 18,0%, а вкупните буџетски расходи за 13,1% споредено со истиот квартал од 2023 година;
- **Стапката на инфлација** во К-3-2024 изнесува 2,6% на годишна основа;
- Вкупниот **депозитен потенцијал** на банките во К-3-2024 се зголеми за 2,0% на квартална основа;
- Во К-3-2024 е забележан пад на **извозот на стоки** за 2,9%, додека **увозот на стоки** забележа пад од 1,8% на годишна основа, со што вкупната **надворешнотрговска размена** изразена во евра забележа пад од 2,3%.




MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-13700/0

# Содржина:

1. Економска активност....3
2. Пазар на работна сила....6
3. Јавни финансии....7
3.1. Буџетски приходи според економската класификација....7
3.2. Буџетски расходи според економската класификација....9
3.3. Расходи по буџетски корисници....10
3.4. Буџетски дефицит и државен долг....11
4. Инфлација и монетарни движења....12
5. Надворешен сектор....15
5.1. Надворешнотрговска размена....15
5.2. Платен биланс....17

# 1. Економска активност

**Економската активност** во К-3-2024 забрза, притоа забележувајќи реален раст од 3,0% на годишна основа по растот од 2,8% во претходниот квартал, со што просечниот економски раст во првите три квартали од 2024 година изнесува 2,6%. Во споредба со претходниот квартал, растот на БДП изнесува 0,6% (сезонски и календарски прилагоден).

Анализирано според производната страна на БДП, економскиот раст се должи на позитивните остварувања кај повеќето дејности, а е најмногу на активноста во **услужниот сектор,** каде што е забележан раст од 5,0%. Ова се должи, пред сè, на зголемената активност во дејноста Трговија, транспорт и угостителство од 10,6%. Во рамки на услужниот сектор раст забележаа и следните дејности: Стручни, научни и технички дејности за 9,0%, Уметност, забава и рекреација за 6,6%, Информации и комуникации за 2,4%, Финансиски и дејности на осигурување за 2,1%, Јавна управа, одбрана, образование и здравство за 0,9% и Дејности во врска со недвижен имот за 0,5%.

**Градежната активност** забележа раст од 2,4%, во услови на раст на вредноста на извршени градежни работи во сите сегменти (раст од 22,7% кај нискоградбата, 13,2% кај високоградбата и 7,0% кај специјализираните градежни работи). **Земјоделскиот сектор** регистрира раст од 1,1%, со што е прекинат падот забележан во претходните три квартали.

Табела 1.1: БДП и компоненти по производен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Сектори | реален раст (%) | | | | придонес во раст (п.п.) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | К1 2024 | К2 2024 | К3 2024 | 2023 | К1 2024 | К2 2024 | К3 2024 |
| Бруто-домашен производ | 2,1 | 1,9 | 2,8 | 3,0 | | | | |
| Земјоделство | -3,0 | -12,3 | -0,7 | 1,1 | -0,2 | -0,9 | 0,0 | 0,1 |
| Индустрија | 1,4 | 0,6 | -1,3 | -4,6 | 0,2 | 0,1 | -0,2 | -0,8 |
| Преработувачка индустрија | 1,5 | 1,1 | 1,5 | -2,9 | 0,2 | 0,1 | 0,2 | -0,4 |
| Градежништво | -0,4 | -2,4 | 6,9 | 2,4 | 0,0 | -0,1 | 0,3 | 0,1 |
| Услужен сектор | 3,8 | 4,1 | 3,8 | 5,0 | 2,1 | 2,5 | 2,2 | 2,8 |
| Трговија, транспорт и угостителство | 3,2 | 4,2 | 5,5 | 10,6 | 0,6 | 0,8 | 1,1 | 2,0 |
| Информации и комуникации | 5,8 | 4,2 | 3,7 | 2,4 | 0,3 | 0,2 | 0,2 | 0,1 |
| Финансиски и дејности за осигурување | 6,1 | 1,8 | 1,9 | 2,1 | 0,2 | 0,1 | 0,1 | 0,1 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 8,0 | 2,5 | 1,7 | 0,5 | 0,9 | 0,3 | 0,2 | 0,1 |
| Стручни, научни и технички дејности | 1,7 | 8,5 | 9,9 | 9,0 | 0,1 | 0,4 | 0,5 | 0,4 |
| Јавна управа, одбрана, образование и здравство | -0,8 | 2,0 | 0,6 | 0,9 | -0,1 | 0,2 | 0,1 | 0,1 |
| Уметност, забава и рекреација | 3,4 | 12,5 | 4,1 | 6,6 | 0,1 | 0,4 | 0,1 | 0,2 |
| Нето-даноци на производи | 0,4 | 1,5 | 4,5 | 5,7 | 0,1 | 0,2 | 0,6 | 0,7 |
| *Резидуал* | | | | | -0,1 | 0,1 | -0,1 | 0,0 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-3-2024) и пресметки на МФ

**Индустрискиот сектор** забележа пад од 4,6%, во услови на намалено производство во Преработувачката индустрија за 2,9%. Согласно високофреквентните податоци за индустриското производство, сите сектори забележаа пад во К-3-2024, при што преработувачката индустрија се намали за 0,5%. Во рамки на преработувачката индустрија, позначителен придонес врз падот имаат гранките: производство на облека, производство на фабрикувани метални производи и производство на метали.

Графикон 1.1. Индустриски сектор
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Анализирано според расходната страна на БДП, растот на економската активност е резултат на позитивниот придонес на домашната побарувачка.

**Потрошувачката** забележа раст од 3,8% на реална основа. Притоа, **приватната потрошувачка** порасна за 1,9%, што во најголем дел се должи на растот на расположливиот доход на домаќинствата, во услови на раст на вработеноста, платите и пензиите во економијата, поддржана и од зголеменото кредитирање на домаќинствата. **Јавната потрошувачка** забележа раст на реална основа за 13,3%.

Графикон 1.2. Придонес во економскиот раст по компоненти *(процентни поени)*




Извор: Државен завод за статистика и пресметки на МФ

**Бруто-инвестициите** забележаа раст од 0,6%. Растот на инвестициите соодветствува со растот во градежништвото, високиот прилив на СДИ, растот на домашното производство на капитални добра и растот на увозот на инвестициски добра.

Графикон 1.3. Инвестиции и градежна активност
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

**Извозот и увозот на стоки и услуги** во К-3-2024 во споредба со истиот квартал од претходната година не бележат промена во анализираниот период.

Табела 1.2: БДП и компоненти по расходен метод – годишни стапки на раст (%) и придонеси во растот на БДП (п.п.)

| Компоненти | реален раст (%) | | | | придонес во раст (п.п.) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2023 | К1 2024 | К2 2024 | К3 2024 | 2023 | К1 2024 | К2 2024 | К3 2024 |
| Бруто-домашен производ | 2,1 | 1,9 | 2,8 | 3,0 | | | | |
| Финална потрошувачка | 0,7 | 2,4 | 2,9 | 3,8 | 0,6 | 2,0 | 2,4 | 3,2 |
| Приватна | 1,2 | 1,1 | 1,6 | 1,9 | 0,8 | 0,8 | 1,1 | 1,3 |
| Јавна | -1,8 | 7,8 | 9,0 | 13,3 | -0,3 | 1,2 | 1,3 | 1,9 |
| Бруто-инвестиции | -9,6 | 10,6 | -5,7 | 0,6 | -3,5 | 2,9 | -1,8 | 0,2 |
| Извоз на стоки и услуги | -0,6 | -6,7 | -2,5 | 0,0 | -0,4 | -5,0 | -1,7 | 0,0 |
| Увоз на стоки и услуги | -5,8 | 0,2 | -4,1 | 0,0 | -5,4 | 0,2 | -3,5 | 0,0 |
| Нето-извоз | | | | | 5,0 | -5,2 | 1,8 | 0,0 |
| *Резидуал* | | | | | 0,0 | 2,2 | 0,4 | -0,3 |

Извор: Државен завод за статистика (соопштение за БДП за К-3-2024) и пресметки на МФ

Графикон 1.4. Реални годишни стапки на раст на БДП за К3 2024 во ЕУ и регионот, во %




Извор: Евростат и национални заводи за статистика
*Расположливите податоци за Западен Балкан (6) се однесуваат на земјите: Србија, Црна Гора, С. Македонија, БиХ, Албанија и Косово

# 2. Пазар на работна сила

Од почетокот на 2021 година во сите земји членки на ЕУ се спроведува Анкета за работната сила во согласност со Регулативата (ЕУ) бр. 2019/1700 на Европскиот парламент и Советот за социјална статистика и соодветната извршна регулатива на Комисијата (ЕУ) бр. 2019/2240 за областа работна сила. РСМ ги имплементираше овие регулативи во 2023 година, а претходната Регулатива (ЕЗ) бр. 577/98 е укината. Овие промени предизвикаа прекин на временските серии на податоци, па во таа насока, започнувајќи од 2023 година податоците не се споредливи со податоците од претходните години.

## Вработеност

Во К-3-2024, според Анкетата на работна сила, **бројот на вработени лица** е зголемен за 0,8%, односно за 5,6 илјади лица во однос на истиот квартал од 2023 година. Најголем раст на вработеноста се забележува во земјоделскиот сектор (12,5 илјади лица или 25,0%), а раст забележа и преработувачката индустрија, и тоа од 6,6%, или 8,8 илјади лица. Од друга страна, пак, позначителен пад на вработеноста забележа образованието (18,1% или 10 илјади лица).

Од вкупниот број вработени, 530.757 лица се вработени во субјекти во приватна сопственост (76,0% од вкупно вработените), додека 167.655 лица се вработени во субјекти од мешовита, задружна или државна сопственост (24,0% од вкупно вработените).

**Стапката на вработеност** во К-3-2024 изнесува 46,1% и во однос на истиот квартал од 2023 година е зголемена за 0,4 п.п..

## Невработеност

**Бројот на невработени** е намален за 3,8 илјади лица, односно за 3,7% во однос на истиот квартал од 2023 година.

**Стапката на невработеност** во К-3-2024 се намали на 12,3%, односно за 0,5 п.п. во споредба со истиот квартал од 2023 година, а во однос на претходниот квартал таа е пониска за 0,2 п.п. (Графикон 2.1).

Графикон 2.1 Пазар на труд




Извор: Државен завод за статистика

Стапката на невработеност во категоријата 15 - 64 години изнесува 12,5%, додека кај младите (возрасна група од 15 до 29 години) изнесува 23,6%. Во однос на К-3-2023 година овие стапки се намалени за 0,5 п.п. и 0,4 п.п., соодветно. Според половата структура, стапката на невработеност кај женското население е намалена за 0,1 п.п. и изнесува 10,8%, што

е за 2,6 п.п. помалку од невработеноста кај мажите, којашто е намалена за 0,8 п.п. и изнесува 13,4%.

### Активно население

**Бројот на активно население** е зголемен за 1,8 илјади лица, односно за 0,2% на годишна основа. Активното население во К-3-2024 сочинува 52,6% од вкупното работоспособно население, што претставува зголемување за 0,2 п.п. во споредба со истиот квартал од 2023 година.

### Плати

Просечната месечна **нето-плата** во К-3-2024 изнесува 41.212 денари и е повисока за 11,9% на номинална основа споредено со истиот квартал од 2023 година, а на реална основа е зголемена за 9,0% (Графикон 2.2).

Највисока нето-плата во К-3-2024 е исплатена во секторот Информации и комуникации (76.547 денари), по што следат Финансиски дејности и дејности за осигурување со 57.848 денари, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 53.003 денари и Рударство и вадење камен со 52.566 денари.

Графикон 2.2. Просечна нето-плата
*(годишна стапка на раст)*




Извор: Државен завод за статистика

Просечната месечна **бруто-плата** во К-3-2024 изнесува 61.979 денари, што претставува раст од 12,1% на номинална основа и 9,3% на реална основа.

# 3. Јавни финансии

## 3.1. Буџетски приходи според економската класификација

**Вкупните буџетски приходи** во К-3-2024 учествуваат со 32,0% во кварталниот БДП и се повисоки за 18,0% споредено со третиот квартал од 2023 година, а притоа раст за 24,7% бележат даноците, придонесите за 16,1%, а неданочните приходи се намалени за 15,7%. Кај даночните приходи, повисока наплата е забележана кај приходите по основ на сите даноци, односно кај данокот на личен доход, данокот на добивка, ДДВ, акцизите, увозните давачки и другите даночни приходи.

Наплатата на индиректните даноци во К-3-2024 во споредба со К-3-2023 е зголемена за 29,7%, а на директните даноци за 11,9%. Гледано од аспект на структурното учество во БДП, учеството

на приходите од директни даноци е зголемено за 0,2 п.п. на годишно ниво, односно од 4,4% колку што изнесуваше во третиот квартал минатата година на 4,6% од кварталниот БДП во истиот квартал оваа година. Учеството на приходите од индиректни даноци во БДП за К-3-2024 изнесува 14,0% и е повисоко за 2,5 п.п. во однос на К-3-2023 кога изнесуваше 11,5%.

Графикон 3.1. Приходи и расходи во К3
*(% од номинален квартален БДП)*




Извор: Министерство за финансии

Кај **индиректните даноци** доминираат приходите од ДДВ, кои претставуваат 50,1% од вкупните даночни приходи во К-3-2024, а се зголемени за 36,4% споредено со истиот квартал претходната година. Во структурата на данокот на додадена вредност најголемо е учеството на ДДВ при увоз, по што следи ДДВ од прометот во земјата. Споредено со истиот квартал претходната година, приходите од акцизи се повисоки за 17,7%, а приходите од царински давачки за 19,0%.

Во рамки на **директните даноци**, данокот на личен доход забележа зголемување за 16,9%, а приходите од данокот на добивка за 3,1% во однос на истиот квартал претходната година.

Наплатата на **социјалните придонеси** е повисока за 16,1%, така што зголемување на наплатата е забележано кај сите придонеси, односно кај придонесите за пензиско и инвалидско осигурување за 16,1%, кај придонесите за вработување за 16,0% и кај придонесите за здравствено осигурување за 16,2%.

Графикон 3.2. Остварувања на буџетските приходи во К3 2024 (во мил. денари)




Извор: Министерство за финансии

Во К-3-2024, **неданочните приходи**, кои претставуваат 1,5% од кварталниот БДП, беа реализирани за 15,7% помалку во однос на истиот квартал од 2023 година.

Во К-3-2024, **капиталните приходи** во кои спаѓаат приходите од закуп на градежно земјиште, продажба на станови и приходи од дивиденди беа повисоки за 11,9% на годишна основа. Приходите по основ на **донации од странство** се повисоки за 2,6% во споредба со истиот квартал од 2023 година.

## 3.2. Буџетски расходи според економската класификација

**Вкупните буџетски расходи** во К-3-2024, со учество од 32,5% во кварталниот БДП, се повисоки за 13,1% споредено со истиот квартал од 2023 година.

Графикон 3.3. Остварувања на буџетските расходи во К3 2024 (во мил. денари)




Извор: Министерство за финансии

**Тековните расходи**, кои претставуваат 30,7% од кварталниот БДП, учествуваат со 94,4% во вкупните расходи и беа реализирани за 16,5% повеќе на годишна основа. Во рамки на тековните расходи, расходите за стоки и услуги забележаа зголемување за 21,7%, а расходите за плати и надоместоци за 20,2% во однос на истиот квартал претходната година.

Средствата за трансфери, кои учествуваат со 69,5% во вкупните расходи, беа реализирани за 17,8% повеќе на годишна основа. Социјалните трансфери забележаа раст од 15,2% и учествуваа со 52,9% во вкупните расходи. Расходите за пензии, коишто сочинуваат најголем дел од социјалните трансфери, се зголемија за 14,3% и забележаа учество од 32,0% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, во која спаѓаат и трансферите кон единиците на локалната самоуправа, изнесува 16,1% во вкупните расходи и забележа зголемување за 27,7% во однос на третиот квартал од 2023 година. Споредено со К-3-2023, блок и наменските дотации кон единиците за локална самоуправа забележаа зголемување за 13,1%, а субвенциите и трансферите за 56,5%.

Графикон 3.4. Буџетски остварувања во К3 2024




Извор: Министерство за финансии

Расходите за каматни плаќања се намалени за 12,9% на годишна основа, така што расходите по камати на домашен долг забележаа зголемување за 74,5%, а каматните расходи по надворешен долг се намалени за 44,2%.

**Реализацијата на капиталните расходи**, кои претставуваат 1,8% од кварталниот БДП, е пониска за 23,8% споредено со истиот квартал од 2023 година и нивното учество во вкупните расходи изнесува 5,6%.


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 591
www.finance.gov.mk
МФРСМ.Ф.8.5/9-5
издание 5

## 3.3. Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во К-3-2024 година, **Министерството за социјална политика, демографија и млади** реализира 14.791 милион денари или 21,7% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (66,7%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 9.862 милиона денари или 21,2% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 24,0% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 24,3% (3.543 милиони денари) од планираните за 2024 година.

Во анализираниот период, **Министерството за образование и наука** изврши буџетски средства во износ од 9.074 милиони денари или 22,3% од вкупниот буџет за 2024 година. Најголем дел од расходите (59,4%) се тековни трансфери до ЕЛС, за што беа потрошени 5.389 милиони денари или 24,0% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 21,9%, за што беа потрошени 1.991 милион денари, односно 25,3% од вкупно предвидените.

Во К-3-2024 година, **Владата на Република Северна Македонија** реализира вкупно 199 милиони денари, односно 4,5% од планираните средства за 2024 година. Притоа, ставката субвенции и трансфери учествува со 47,7% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а реализирани се 95 милиони денари (3,3% од предвидените средства).

Во анализираниот период, **Министерството за внатрешни работи** реализира вкупно 3.555 милиони денари, што претставува 23,3% од сопствениот буџет за 2024 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 67,8%, за што се потрошени 2.410 милиони денари или 24,7% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 18,6% и за таа намена беа реализирани 660 милиони денари или 21,0% од годишниот план.

Графикон 3.5. Структура на расходи по буџетски корисници во К-3-2024 *(во %)*




Извор: Министерство за финансии

Во К-3-2024 година, **Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР)** реализира 753 милиони денари што претставува 7,3% од планираните средства за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, ставка којашто учествува со високи 89,5% во вкупните расходи, изнесува 7,2% од планираните средства

за цела година, односно 674 милиони денари.

Во периодот К-3-2024 година, **Министерството за здравство** изврши буџетски средства во износ од 2.129 милиони денари или 25,8% од вкупниот буџет за 2024 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 54,5%, за што се потрошени 1.161 милион денари или 28,5% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со реализација од 864 милиони денари (26,7% од планираното за годината) и учество од 40,6% во вкупните расходи.

Во овој период **Министерството за одбрана** реализира 3.019 милиони денари, што е 17,0% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 50,7%, па за таа намена реализацијата изнесува 1.532 милиона денари (24,3% од вкупно предвидените средства за тековната година). Стоки и услуги учествува со 25,2% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 762 милиона денари, односно 21,7% од вкупно предвидените.

Во К-3-2024 година, **Министерството за транспорт и врски** реализира средства во износ од 515 милиони денари, што е 5,0% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи, како главна ставка, изнесува 55,8% од вкупните реализирани средства на овој буџетски корисник (287 милиони денари или 3,2% од вкупно планираните средства).

**Во анализираниот период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство** реализира средства во износ од 612 милиони денари, што претставува 35,7% од предвидените за 2024 година. Субвенции и трансфери (263 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 43,0%, а притоа се реализирани 85,2% од предвидените средства. По основ на плати и надоместоци отпаѓаат 25,9% од вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 159 милиони денари или 24,4% од вкупниот буџет за оваа намена.

Во овој период, **Управата за јавни приходи** реализира 1.092 милиона денари, што е 24,1% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на субвенции и трансфери, како главна ставка, изнесува 24,8% од предвиденото за цела година (834 милиони денари).

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог достапен на следната врска *(http://finance.gov.mk/квартален-економски-извештај/)*.

## 3.4. Буџетски дефицит и државен долг

Во третиот квартал од 2024 година, **дефицитот на консолидираниот Буџет** изнесува 1.291 милион денари или 0,5% од БДП за овој квартал, а дефицитот на Централниот буџет изнесува 713

милиони денари, односно 0,3% од кварталниот БДП.

Вкупниот **државен долг** на крајот на К-3-2024 изнесува 49,3% од БДП и забележа зголемување на своето учество во БДП за 0,2 п.п. во однос на К-2-2024. Учеството на надворешниот долг во вкупниот државен долг во однос на К-2-2024 е намалено за 1,4 п.п. и изнесува 54,2%, а учеството на внатрешниот долг е соодветно зголемено и изнесува 45,8% од вкупниот државен долг.

Графикон 3.6. Државен долг и негова структура




Извор: Министерство за финансии

## 4. Инфлација и монетарни движења

**Стапката на инфлација** во К-3-2024, мерена според Индексот на трошоци на живот, изнесува 2,6%. Инфлацијата регистрира забавување од 1,3 п.п. во споредба со претходниот квартал (3,9% во К-2-2024).

Во третиот квартал од 2024 година, потрошувачките цени регистрираа натамошно забавување како резултат на забавениот раст на прехранбената компонента и намалувањето на цените на енергентите, додека базичната инфлација регистрираше забрзување.

Базичната инфлација регистрира забрзување на растот и изнесува 5,5% (4,8% во К-2-2024). Базичната инфлација, сè уште, е отпорна на напорите за нејзино намалување и најголем придонес во нејзиниот раст има категоријата Ресторани и хотели.

Графикон 4.1. Годишна стапка на инфлација




Извор: Државен завод за статистика

Гледано по компоненти, во К-3-2024 растот на цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци[1] забави и тој

[1] Во септември стапи на сила Законот за забрана на нефер трговски практики и беше донесена Одлука на Владата за ограничување на профитната маржа

изнесува 0,9% (3,5% во претходниот квартал). Гледано според структурата, забавениот раст на цените на храната се должи на падот на цените на зеленчукот, овошјето и лебот и житата.

Раст на потрошувачките цени во К-3-2024 се забележува и во следните категории: Ресторани и хотели за 13,5%, Здравствена заштита за 5,7%, Разновидни стоки и услуги за 5,6%, Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици[2] и Рекреација и култура за по 5,5%, Комуникации за 3,7%, Мебел, покуќнина и одржување на покуќнина за 3,2%, Облека и обувки за 2,2%, Домување, вода, електрика, гас и други горива за 0,7%, Образование за 0,5% и Транспорт за 0,2%.

Во К-3-2024, цените на мало регистрираа забавен раст од 3,4%.

Во третиот квартал оваа година, Народната банка започна со намалување на **основната каматна стапка** за 0,25 п.п. на нивото од 6,05%, во услови на значително забавување на инфлацијата и поволен девизен пазар, но и при сѐ уште присутни ризици. Олабавувањето на монетарната политика е во согласност и со политиките на Европската централна банка која започна со намалување на каматните стапки.

Во К-3-2024, каматните стапки на расположливите депозити преку ноќ и на седум дена останаа непроменети и изнесуваат 4,20% и 4,25%, соодветно.

**Примарните пари**[3] забележаа раст на квартална основа од 15,7% (во претходниот квартал е забележан раст од 6,2%), како резултат на зголемувањето на вкупните ликвидни средства за 30,6% и растот на готовите пари во оптек за 2,8%.

Во третиот квартал годинава споредено со К-3-2023, примарните пари се зголемија за 21,7% (во К-2-2024 е забележан раст од 14,0%), како резултат на растот на вкупните ликвидни средства и готовите пари во оптек за 33,8% и 10,6%, соодветно.

Во К-3-2024, најтесната парична маса М1[4] забележа раст од 0,9% во однос на претходниот квартал. Монетарниот агрегат М2 се намали за 0,1%, а најширокиот монетарен агрегат М4 регистрираше раст на квартална основа од 1,5%.

Вкупниот **депозитен потенцијал**[5] на банките во К-3-2024 се зголеми за 2,0%

на дел од основните прехранбени производи, односно т.н. есенска кошница и истите придонесоа во забавување на растот на цените.

[2] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, при што акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сѐ до 2030 година.

[3] Ги вклучува готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајната на банките), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

[4] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 го сочинуваат монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити, а монетарниот агрегат М4 е составен од монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити.

[5] Депозитите вклучуваат и пресметана камата.

на квартална основа, по растот од 2,5% во претходниот квартал. Анализирано по сектори, депозитите на претпријатијата и депозитите на домаќинствата се зголемија за 2,7% и 2,1%, соодветно. Од аспект на валутата, споредено со претходниот квартал, денарските депозити се зголемија за 2,4%, а девизните депозити за 1,5%.

Степенот на евроизација е намален за 0,2 п.п. во споредба со претходниот квартал и изнесува 42,5%, мерено преку учеството на девизните депозити во вкупниот депозитен потенцијал.

Според рочноста, учеството на долгорочните депозити во вкупниот депозитен потенцијал во К-3-2024 се зголеми за 1,2 п.п. споредено со претходниот квартал и тоа изнесува 25,0% (во К-2-2024 изнесуваше 23,8%). Во анализираниот период, краткорочните депозити се намалија на квартална основа за 1,2%.

Графикон 4.2. Кредити и кредитен раст и М4




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

**Кредитната активност** на банките во К-3-2024 се зголеми на квартална основа за 1,5% (во претходниот квартал кредитите се зголемија за 2,9%), во услови на раст на кредитите кон претпријатијата за 1,0% и на кредитите кон домаќинствата за 2,0%. Од валутен аспект, во К-3-2024 денарските кредити се зголемија за 3,0%, додека девизните кредити се намалија за 0,8%.

Според рочноста, долгорочните кредити бележат раст од 1,7% во однос на претходниот квартал, а краткорочните кредити се зголемија за 0,3%.

**Каматната стапка**[6] на денарските кредити во К-3-2024 изнесува 5,86% и е намалена за 0,01 п.п. во споредба со претходниот квартал. Каматната стапка на девизните кредити во К-3-2024 изнесува 4,86% што значи дека е намалена за 0,14 п.п. во однос на претходниот квартал.

Графикон 4.3. Каматни стапки (КС) на депозитни банки




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Каматната стапка на денарските депозити во К-3-2024 изнесува 2,45% и забележа раст од 0,12 п.п. споредено со претходниот квартал, а каматната стапка на девизните депозити изнесува

6 Во девизните кредити и депозити се вклучени денарските кредити и депозити со валутна клаузула.

1,54% и е зголемена за 0,10 п.п. во однос на претходниот квартал.

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити во К-3-2024 изнесува 5,42%, а на новоодобрените девизни кредити 4,04%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 2,90% и 2,16%, соодветно.

# 5. Надворешен сектор

## 5.1. Надворешнотрговска размена

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупната надворешнотрговска размена со странство во К-3-2024 изнесува 4.592,7 милиони евра и бележи пад од 2,3% во однос на истиот квартал од 2023 година.

Графикон 5.1. Извоз и увоз на стоки




**Извозот на стоки** во К-3-2024 изнесува 1.931,6 милиони евра и во однос на К-3-2023 бележи пад од 2,9%, а во однос на претходниот квартал пад од 3,4%.

Анализирано **по сектори** на СМТК (Стандардна меѓународна трговска класификација), негативни движења во извозот во К-3-2024 во однос на истиот квартал од 2023 година се забележуваат во следните сектори:

- хемиски производи за 22,0% (во чии рамки најголем пад забележа категоријата хемиски материи и производи за 148,1 милион евра или 26,1% );
- разни готови производи за 9,5% (облека за 20,4 милиони евра или 18,5%; обувки за 2,1 милион евра или 32,9%) и
- производи класирани по материјалот за 3,1% (железо и челик за 18,5 милиони евра или 13,0%).

Позитивно придвижување на извозот се забележува во следните сектори:

- машини и транспортни уреди за 11,5% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: електрични машини, апарати и делови за 74,5 милиони евра или 25,5% и индустриски машини и делови за 28,2 милиона евра или 48,0%);
- пијалаци и тутун за 37,8% (тутун и производи од тутун за 23,7 милиони евра или 68,9%);
- минерални горива и мазива за 5,6% (електрична енергија за 20,0 милиони евра или 38,2%);
- суровини освен гориво за 18,1% (метална руда и отпадоци од метал за 12,0 милиони евра или 20,6%);
- производи за храна за 10,6% (овошје и зеленчук за 9,3 милиони евра или

14,8%; млечни производи и јајца за 2,5 милиони евра или 36,8%; месо и преработки од месо за 2,2 милиона евра или 35,3%) и
- животински и растителни масла за 32,8% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 1,3 милиони евра или 35,8%).

Гледано **по економска намена**, во К-3-2024 пад на извозот е забележан во следните групи производи:

- индустриски набавки за 110,9 милиони евра или 10,5%;
- стоки за широка потрошувачка за 11,4 милион евра или 5,2% и
- транспортна опрема за 6,2 милиона евра или 2,3%.

Зголемување на извозот е забележано во следните групи производи:

- производи за инвестиции без транспортна опрема за 52,0 милиона евра или 26,1%;
- храна и пијалаци за 15,0 милиони евра или 9,6% и
- горива и мазива за 4,2 милиона евра или 5,1%.

**Увозот на стоки** во К-3-2024 изнесува 2.661,1 милион евра и е намален за 1,8% во однос на К-3-2023, додека во однос на претходниот квартал бележи пад од 5,2%.

Анализирано **по сектори** на СМТК, намалување на увозот во К-3-2024 во однос на К-3-2023 се забележува во следните сектори:

- производи класирани по материјалот за 9,5% (во чии рамки најголем пад забележаа категориите: обоени метали за 52,1 милион евра или 17,1%; железо и челик за 13,6 милиони евра или 10,4% и изработки од неметални минерали за 11,6 милиони евра или 8,3%);
- минерални горива и мазива за 9,2% (нафта и производи од нафта за 39,6 милиони евра или 15,8%);
- хемиски производи за 4,3% (медицински и фармацевтски производи за 9,6 милиони евра или 14,8%; етерични масла, козметички производи, тоалетни препарати, препарати за чистење и полирање за 6,7 милиони евра или 16,2% и пластични материи во примарни форми за 6,2 милиона евра или 17,3%) и
- суровини освен гориво за 21,1% (метална руда и отпадоци од метал за 10,6 милиони евра или 36,1%).

Позитивно придвижување на увозот се забележува во следните сектори:

- машини и транспортни уреди за 4,3% (во чии рамки најголем раст забележаа категориите: друмски возила за 25,0 милиони евра или 20,5% и индустриски машини и делови за 11,0 милиони евра или 15,4%);
- разни готови производи за 5,4% (облека за 7,5 милиони евра или 19,6% и монтажни згради, санитарни уреди за 5,5 милиони евра или 87,9%);
- производи за храна за 7,4% (кафе, чај, какао, зачини за 3,8 милиони евра или 15,4%; месо и преработки од месо за 3,6 милиони евра или 6,8% и овошје и зеленчук за 3,1 милион евра или 11,1%);

- животински и растителни масла за 14,2% (цврсти растителни масла и масти, сирови, рафинирани или фракциони за 2,1 милион евра или 14,2%) и
- пијалаци и тутун за 16,6% (пијалаци за 1,1 милион евра или 10,7%).

Гледано **по економска намена**, во К-3-2024 пад на увозот е забележан во следните групи производи:

- стоки за индустриски набавки за 89,3 милиони евра или 7,3%;
- горива и мазива за 27,4 милиони евра или 7,9% и
- производи за инвестиции без транспортна опрема за 11,9 милиони евра или 2,7%.

Зголемување на увозот е забележано во следните групи производи:

- стоки за широка потрошувачка за 35,9 милиони евра или 13,4%;
- транспортна опрема за 22,1 милион евра или 14,2% и
- храна и пијалаци за 22,1 милион евра или 8,2%.

Графикон 5.2. Земји со најголемо учество во извозот (лево) и во увозот (десно) во К-3-2024




Извор: Пресметки на Министерството за финансии врз база на податоци од ДЗС

Надворешнотрговската размена на Европската Унија (ЕУ 27) во К-3-2024 е намалена за 2,7% во однос на К-3-2023, со што учеството на размената со оваа интеграција во вкупната надворешнотрговска размена изнесува 61,1% и е намалено за 0,3 п.п. споредено со третиот квартал од 2023 година. Притоа, во К-3-2024 извозот на стоки учествува со 76,0%, а увозот на стоки со 50,3%.

## 5.2. Платен биланс

Според податоците од Народната банка на Република Северна Македонија, во К-3-2024 на **тековната сметка** на билансот на плаќања е регистриран суфицит од 263,3 милиони евра, што претставува 6,6% од кварталниот БДП, наспроти

суфицитот од 6,1% од БДП забележан во истиот квартал од 2023 година.

Графикон 5. 3. Салдо на тековна сметка
*(во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Анализирано на годишна основа, суфицитот на тековната сметка во К-3-2024 е зголемен за 34,2 милиона евра, односно 14,9%, што се должи на зголемувањето на суфицитот на сметката на услуги за 25,1%, како и на намалувањето на дефицитот на сметката на стоки за 0,3%. Спротивно влијание имаше намалувањето на суфицитот на сметката на секундарен доход за 4,3%, како и зголемувањето на дефицитот на сметката на примарен доход за 4,3%.

Во К-3-2024 **трговскиот дефицит** е намален на годишно ниво за 1,7 милиони евра, додека во процент од кварталниот БДП тој е намален за 1,0 п.п. на годишна основа и изнесува 15,9%.

Суфицитот на **сметката на услуги** во К-3-2024 изнесува 366,4 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2023 година тој е зголемен за 73,5 милиони евра.

**Трговската отвореност** на Република Северна Македонија во К-3-2024 изнесува 133,8% од кварталниот БДП и во однос на К-3-2023 е намалена за 7,7 п.п..

Во К-3-2024, сметката на **примарен доход** забележа дефицит од 197,8 милиони евра и тој е зголемен на годишно ниво за 8,2 милиона евра.

Графикон 5. 4. Тековна сметка на платниот биланс
*(салдо, во милиони евра)*




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија

Суфицитот на сметката на **секундарен доход** во К-3-2024 изнесува 727,0 милиони евра и на годишно ниво е намален за 32,8 милиони евра. Падот се должи на намалувањето на тековните трансфери за 25,2 милиона евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 99,6%, како и на намалените официјални трансфери за 7,6 милиони евра, кои во сметката на секундарниот доход учествуваат со 0,4%.

Дефицитот на **капиталната сметка** во К-3-2024 изнесува 0,3 милиони евра и во однос на истиот квартал од 2023 година е намален за 0,3 милиони евра.

**Странските директни инвестиции** (СДИ) во земјата во К-3-2024 изнесуваат 281,6 милиони евра и во однос на К-3-2023 се зголемени за 221,3 милиони евра. Приливот на СДИ во овој период потекнува од должничките инструменти (по кој основ е остварен 78,0% од вкупниот прилив на СДИ), сопственичкиот капитал (14,2% од вкупниот прилив на СДИ) и реинвестирањето на добивката на компаниите со странски капитал (7,9% од вкупниот прилив на СДИ).

Графикон 5. 5. СДИ во земјата




Извор: Народна банка на Република Северна Македонија и пресметки на МФ

**Портфолио инвестициите** во К-3-2024 изнесуваат 106,8 милиони евра и во однос на истиот квартал од претходната година тие се намалени за 308,2 милиона евра. Ваквите движења во најголем дел се резултат на намалените обврски врз основа на претходно издадени должнички хартии од вредност од страна на државата, а во помал дел и на повторниот откуп на домашните еврообврзници од страна на резиденти.

**Останатите инвестиции** во К-3-2024 изнесуваат 406,5 милиони евра и во однос на истиот квартал од минатата година тие се зголемени за 216,2 милиона евра. Во рамки на категоријата останати инвестиции, сметката на трговски кредити и аванси изнесува 199,8 милиони евра, валутите и депозитите 140,3 милиони евра и сметката на заеми 69,7 милиони евра.

Износот на **девизните резерви** на крајот на третиот квартал од 2024 година е 4,4 милијарди евра и во однос на К-3-2023 тие се зголемени за 12,9%. На крајот на К-3-2024 девизните резерви обезбедуваат 4,5-месечна покриеност на увозот на стоки и услуги од претходниот 12-месечен период.